

СТРИПОСКОП

Стрип приказни за градот Скопје

СТРИПОСКОП
Стрип приказни за градот Скопје

Издавач: Центар за етнолошки истражувања и применета антропологија (ЦЕИПА)
Финансиска поддршка: Град Скопје
Главен и одговорен уредник: Инес Црвенковска Ристеска
Компјутерска обработка: Инес Црвенковска Ристеска
Дизајн на корица: Инес Црвенковска Ристеска, Здравко Гиров
Изработка на корица: Инес Црвенковска Ристеска

ISBN 978-608-66442-0-8
Скопје 2019

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

741.5(497.711)(069.5)

СТРИПОСКОП : стрип приказни за градот Скопје / [главен и одговорен уредник Инес Црвенковска Ристеска]. - Скопје : Центар за етнолошки истражувања и применета антропологија, 2019. - 45 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. 44-45

ISBN 978-608-66442-0-8

а) Стрип - Приказни за Скопје - Македонија - Збирки
COBISS.MK-ID 111482378

СТРИПОСКОП
Стрип приказни за градот Скопје

СОДРЖИНА

ЗА СТРИПОСКОПОТ
Инес Црвенковска Ристеска

ПРИКАЗНИТЕ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ СЕ МНОГУ НА БРОЈ.
ЕВЕ НЕКОЛКУ ОД НИВ....

на македонски јазик

ДЕМОНИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ:
Цртеж и приказна: Здравко Гиров

СКОПСКИОТ АКВАДУКТ И СТИЈАТА
Цртеж и текст: Александра Софрониеска
Приказна: Давор Драмиќанин

АЛТИ АЈАК И ПРОКЛЕТСТВОТО НА СКОПСКОТО ТУРБЕ
Цртеж: Диме Ѓорѓиевски
Приказна: Виктор Трајановски

АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ И ЦАРОТ НА ЃАВОЛИТЕ
Цртеж: Слободан Танаскоски
Според народна приказна

ЛЕГЕНДАТА ЗА ЗАШТИТНИКОТ НА СЕЛОТО ВОЛКОВО
Цртеж: Софија Симјановска
Приказна: Давор Драмиќанин

ДЕМОНИТЕ НА РЕКОРД
Цртеж: Кристијан Димитровски
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

ПРИКАЗНИТЕ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ НА САЕМОТ НА СТРИПОВИ ВО БЕЛГРАД, СРБИЈА, 2019 година....

на англиски јазик

FIRST FAIRY SONG FROM MILADINOVCI BROTHERS` ANTHOLOGY
Цртеж: Слободан Танаскоски
Препев од македонски на англиски јазик: Јане Божиновски

THE GRAVE RAMBLER
Цртеж: Софија Симјановска
Текст: Софија Симјановска
Превод од македонски на англиски јазик: Јане Божиновски

THE VAMPIRE SLAYER
Цртеж: Кристијан Димитровски
Текст: Кристијан Димитровски
Превод од македонски на англиски јазик: Јане Божиновски

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Инес Црвенковска Ристеска

ЗА СТРИПОСКОПОТ

Главната идеја да се создаде овој „Стрипоскоп“ е етнолозите и антрополозите и младите искусни и помалку искусни стрип цртачи да го промовираат културното наследство на градот Скопје низ стрип приказни. Оваа збирка со стрип приказни за градот Скопје е резултат на проектот „Создај стрипоскоп! Културното наследство на градот Скопје низ кратки стрип приказни“ организиран од Центарот за етнолошки истражувања и применета антропологија (ЦЕИПА) со поддршка на Институтот за етнологија и антропологија (ИЕА), ПМФ, УКИМ – Скопје, а финансиски поддржан од Град Скопје за 2019 година. Но, етнолозите, антрополозите и стрип цртачите тука не застануваат. Идејата понатаму е ваквите збирки да прераснат во списание кое ќе се создава во континуитет, како заедничка заложба да се презентира културното наследство на Скопје, па и на Македонија низ кратки стрип приказни.

Во претходните проекти во кои се илустираа митолошки и демонолошки јунаци од млади илустратори од градот Скопје, се покажа како многу успешен начин за пренесување пораки до младите на Скопје, со оглед на интересот и од младите, но и од децата и повозрасните.

Низ проектните активности на „Создај стрипоскоп! Културното наследство на градот Скопје низ кратки стрип приказни“, младите илустратори и истражувачи од градот Скопје се запознаа со стручната етнографска и фолклорна литература поврзана со балканската и македонската народна митологија. Истражувачката работа во стручната литература им помогна полесно да ја изградат својата приказна, која бараше добра претходна подготовка со скици, градење сценарио, текст за приказната и изведба на приказната низ кадри. Од голема корист беа постојаните консултации со соработниците за време на истражувачките и цртачките работилници.

Во проектот беа вклучени повеќе млади цртачи од кои, петмина успеаа да нацртаат кратки стрип приказни. Како учесници ќе бидат спомнати само оние што го поминаа целиот истражувачко - цртачки процес во периодот од петмесечното времетраење на проектот (мај – септември):

1. Слободан Танасковски, дипломиран на Класичните студии ФЗФ, УКИМ
2. Александра Софрониеска, магистер на Графички дизајн на ФОН
3. Диме Ѓорѓиевски, дипломиран на Факултетот за дизајн и мултимедија на ФОН
4. Софија Симјановска, студентка, ФИНКИ
5. Кристијан Димитровски, Графички дизајнер и млад стрип цртач

Истражувачи соработници

6. Виктор Трајановски, асистент на ИЕА, ПМФ, УКИМ – Скопје
7. Наташа Чакаровска, дипломиран етнолог
8. Ангела Китановска, студент на ИЕА, ПМФ, УКИМ - Скопје

Стрип-цртачи соработници

9. Давор Драмиќанин, стрип сценарист
10. Здравко Гиров, стрип цртач

Консултанти

11. Инес Црвенковска Ристеска, доцент на ИЕА, ПМФ, УКИМ – Скопје, раководител на проектот
12. Љупчо С. Ристески, редовен професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ – Скопје

Во текот на работилниците беа изработени голем бројот скици, фотографии, кои заедно со конечните кратки стрип приказни и пилустрации се соодветно архивирани во Дигиталниот архив при ИЕА (ДАИЕА), ПМФ, УКИМ – Скопје.

Во рамките на оваа збирка се презентирани кратки стрип приказни и две илустрации за градот Скопје создадени во текот на истражувачиот процес.

Посебна благодарност изразуваме до преведувачот Јане Божиновски што ги преведе од македонски на англиски јазик четирите стрип приказни, со кои, четворица од младите учесници во проектот „Градот Скопје и стрип илустрираните митолошки јунаци“ учествуваа на „Саемот на стрипот“ во август 2019 година во Белград, Република Србија.


Со проектот се добиени голем број општествени придобивки. Тие може да се видат во можноста на проектот младинците од Скопје да го збогатат своето знаење за македонското културно наследство, но и да го пренесат своето видување за културните вредности на градот Скопје и Македонија на другите младинци користејќи современи медиуми – стрипот. Произлезе дека овој начин на стекнување знаење за културното наследство е доста интересен за младите луѓе. Најважно, младинците стекнаа нова вештина како културното наследство да се штити, да се промовира и да се збогатува, станувајќи свесни за тоа дека и тие се дел од културата. Така, со своите илустрации тие даваат важен придонес во унапредувањето на начините за заштита и промоција на културното наследство и индиректно ги мотивираат другите во изнаоѓањето креативни начини за негова заштита и промовирање. Оттука, сметаме дека оваа збирка претставува силен мотив за младинците да останат креативни, а за останатите нас во чиј фокус е културното наследство да изнајдуваме нови начини да го задржиме нивното внимание во неговата заштита и промоција: на културните вредности на градот Скопје и на Македонија!

ПРИКАЗНИТЕ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ СЕ МНОГУ НА БРОЈ.

ЕВЕ НЕКОЛКУ ОД НИВ....

ДЕМОНИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

Цртеж и приказна: Здравко Гиров


POLICE

СКОПСКИОТ АКВАДУКТ И СТИЈАТА

Цртеж и текст: Александра Софрониеска
Приказна: Давор Драмиќанин

Цртеж и текст: Александра Софрониеска
Приказна: Давор Драмиќанин

СКОПСКИОТ АКВАДУКТ И СТИЈАТА

СИ ИМАШЕ ЕДНО СЕЛЦЕ ВО БЛИЗИНА НА СКОПЈЕ, А ВО НЕГО ИМАШЕ ЕДНА БАРА. А ВО БАРАТА ПАК, ЕДНА СТИЈА. СЕЛАНИТЕ ЈА ПОЧИТУВАА КАКО СВОЈ ЗАШТИТНИК, Ѝ ПРИНЕСУВАА ДАРОВИ, А НА ПРАЗНИЦИТЕ ДУРИ Ѝ ПЕЕЈА И ПЕСНИ.

СТИЈАТА ЗА ВОЗВРАТ ГИ ДАРУВАШЕ СО ДОБРО ЗДРАВЈЕ, ИЗОБИЛСТВО НА ВОДА И БОГАТ РОД. ТАКА БЕШЕ ДОЛГИ ГОДИНИ...

НО, ЕДНО УТРО ПРЕСУШИЛО СЕ!

НЕМАШЕ ВОДА НИ ВО БУНАРОТ, НИ ВО БАРАТА, НИТУ ВО СЕЛСКИТЕ ЧЕШМИ...

ЗБУНЕТИ И ИСПЛАШЕНИ, СЕЛАНИТЕ СЕ СОБРАА НАСРЕД СЕЛО. И ОДЕДНАШ, ПОЧНА ДА ГРМИ И СЕ СТВОРИЈА ОБЛАЦИ, А НЕБОТО СЕ СТЕМНИ КАКО ДА Е ВЕЧЕР, ИАКО БЕШЕ РАНО НАУТРО...

ОД БУНАРОТ ИЗЛЕЗЕ СТИЈАТА!

НАЛУТЕНА И СПРЕМНА ДА ИМ СЕ ОДМАЗДИ НА СЕЛАНИТЕ ЗАТОА ШТО Ѝ ЈА СЕКНАЛЕ ВОДАТА!

НАПРАЗНО ПРОБУВАА ДА И ОБЈАСНАТ ДЕКА И ТИЕ НЕ ЗНААТ ЗОШТО ПРЕСУШИЛЕ ИЗВОРИТЕ...

СТИЈАТА ИМ СЕ ЗАКАНИ ДЕКА АКО НЕ Ѝ ЈА ПУШТАТ ВОДАТА И НЕ Ѝ ЈА ВРАТАТ БАРАТА ЌЕ ИМ ГИ ЗЕМЕ ДЕЦАТА!







И УШТЕ ПРЕД ДА СФАТАТ СЕЛАНИТЕ ШТО СЕ СЛУЧУВА, ТРИ ДЕЧИЊА ВЕЌЕ БЕА ЗАПЛЕТКАНИ ВО НЕЈЗИНИТЕ КОСИ И ТАА ГИ ЗЕДЕ СО НЕА ВО БУНАРОТ...



СТАРЕШИНИТЕ СЕ СОБРАА ДА СМИСЛАТ ШТО Е НАЈПАМЕТНО ДА СЕ НАПРАВИ. ЕДЕН ОД НИВ ИМАШЕ ЧУЕНО ЗА НЕКОИ РИМЈАНИ ВО НИШ КОИ ГРАДЕЛЕ ГОЛЕМИ ОБЈЕКТИ И СО НИВ НОСЕЛЕ ВОДА ОД ЕДНО ДО ДРУГО СЕЛО.



СЕ ДОГОВОРИЈА ДА ГО ИСПРАТАТ НАЈБРЗИОТ И НАЈСНАОДЛИВИОТ ОД НИВНИТЕ СИНОВИ СО ЗЛАТОТО ШТО ГО ИМАА СОБРАНО СО НАДЕЖ ДЕКА ЌЕ УСПЕЕ ДА ГИ УБЕДИ ДА ДОЈДАТ И ДА ИМ ПОМОГНАТ СО ИЗГРАДБАТА НА ЕДЕН ТАКОВ ОБЈЕКТ.





КОГА СТИГНА КАЈ НИВ, МОМЧЕТО ИМ ОБЈАСНИ НАЈДОБРО ШТО ЗНАЕШЕ И УМЕЕШЕ ЗОШТО Е ДОЈДЕН, НО БЕШЕ МНОГУ ПРЕТПАЗЛИВ.



СЕПАК, ЗЛАТОТО ШТО ГО НОСЕШЕ СО СЕБЕ МНОГУ ПОДОБРО ГО ЗБОРУВАШЕ ЈАЗИКОТ НА РИМЈАНИТЕ ПА ТИЕ ГО ПРИФАТИЈА ПРЕДЛОГОТ И СЕ СПОГОДИЈА.


И ТАКА, ИЗГРАДБАТА НА АКВАДУКТОТ ЗАПОЧНА!
СТИЈАТА СЕ ПОГРИЖИ ТОА ДА НЕ БИДЕ ЛЕСНО. ВРЕМЕНСКИТЕ НЕПОГОДИ ШТО ИМ ГИ ПРАЌАШЕ БЕА ОДРАЗ НА НЕЈЗИНОТО НЕТРПЕНИЕ, А СО ТОА ГИ ПОТСЕТУВАШЕ ДЕКА ТРЕБА ДА ПОБРЗААТ СО ГРАДЕЊЕТО НА АКВАДУКТОТ.


ПОСЛЕ НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ....


КОГА КОНЕЧНО АКВАДУКТОТ БЕШЕ ИЗГРАДЕН, ВРЕМЕ БЕШЕ ДА ПОЧНАТ СО ПОЛНЕЊЕ НА БАРАТА НА СТИЈАТА.


И ВИДИ! ВОДАТА ТЕЧЕ, А БАРАТА СЕ ПОЛНИ!


СТИЈАТА СИ ОСТАНА НА ЗБОРОТ, ОТКАКО СЕЛАНИТЕ Ѝ ЈА ВРАТИЈА ВОДАТА И БАРАТА СЕ НАПОЛНИ, ТАА ГИ ПУШТИ ДЕЧИЊАТА НАЗАД ВО СЕЛОТО КАЈ СВОИТЕ НАЈБЛИСКИ.
НИКОГАШ НЕ СЕ ДОЗНА ЗОШТО ПРЕСУШИ ИЗВОРОТ И ЗОШТО ЈА СНЕМА ВОДАТА ОД БАРАТА, НО ПОСЛЕ ТОА ЖИВОТОТ ВО СЕЛОТО СИ ПРОДОЛЖИ КАКО И ПОРАНО, БЛАГОДАРЕНИЕ НА РЕШИТЕЛНОСТА НА СЕЛАНИТЕ ДА ГО ИЗГРАДАТ АКВАДУКТОТ...
КРАЈ

АЛТИ АЈАК И ПРОКЛЕТСТВОТО НА ТУРБЕТО


Цртеж: Диме Ѓорѓиевски
Приказна: Виктор Трајановски


Еве ја бабичкава пак е тука.
А петок дојде, она го чисти местово и пали свеќи. Којзнае што се замарааат луѓево со ствариве... нема никаква корист од ова што го прави.
Тоа објаснува се. Но ако оваа легенда е вистиниата, тогаш којзнае што се е точно за местово. Можеби треба да поминам јас тука вечер кога нема никој, и да зачистам и јас... но на мој начин.


Конечно нема никој. Каде да почнам сега.
Ако легендата за златниците е точна, можеби има и други вистинити приказни.
Што ако е вистинита и приказната дека чешмана дава сила ако се напиеш околу полноќ.
Тоа би ми го олеснило земањето на златниците.




Некој да ме види што правам волку касно, ќе ми се смее.
Па што, не штети да пробам.
Памтам кога ми ја раскажуваа приказната за чешмава... само како да имаште уште нешто во приказната... како да имаше некој што ја чу.....











ШТО СИ СЕ СТУТКАЛ ТАМУ.
БЕШЕ ДОВОЛНО ХРАБАР ДА ДОЈДЕШ ДОТУКА.
АЈДЕ НАПИЈ СЕ ОД СВЕТАТА ВОДА И
ДОВРШИ ГО ТОА ЗА КОЕ СИ ДОЈДЕН.
ЌЕ ТИ ПОКАЖАМ КАДЕ ТОЧНО СЕ НАОЃА
ТОА ШТО МНОГУ ПРЕД ТЕБЕ ГО БАРАЛЕ.
СЕГА НЕМА КОЈ ДА ТЕ СПРЕЧИ..


АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ И ЦАРОТ НА ЃАВОЛИТЕ

Цртеж: Слободан Танаскоски
Текст: според народна приказна



АРХАНГЕЛ ГАВРИЛ И
ЦАРОТ НА ЃАВОЛИТЕ
Автор: Слободан Танасковски
*според народна приказна
Откако биле прогонети од Рајот, паднатите ангели, сега веќе ѓаволи, тајно се состанале на небото, со намера да го украдат Сонцето.
Царот на ѓаволите го прободел Сонцето со копје и го однел на рамо.
Архангел Гаврил ја забележал нивната зла намисла...


...и тргнал да ги гони.
Долетал по нив...
...и го предизвикал царот на ѓаволите на натпревар:
А што ако јас излезам прв?
Ако излезеш ти прв, тогаш земете ги и Сонцето и Месечината.
Ајде да се натпреваруваме кој подлабоко ќе се нурне во морето. Како доказ, ќе треба во рака да извадиме песок од морското дно. Ако јас стасам прв до дното и прв излезам од морето, тогаш ќе мора да го вратите Сонцето на небото.


Кога Архангел Гаврил излегол пред ѓаволскиот Цар, со својот здив ја замрзнал површината на морето.
Ѓаволскиот цар не можел да го пробие мразот...


Ѓаволскиот цар се вратил на дното на морето и зел камен од илјада оки, со кој го скршил мразот и поитал да го фтаса архангелот.
Во меѓувреме, Архангел Гаврил го грабнал Сонцето и го вратил на неговото место на небото...
...а самиот се упатил да слета на Месечината.
Но, во моментот пред Архангелот да слета, Царот на ѓаволите го фтасал и замавнал да го нападне.
Успеал само да скине парче месо од неговото стапало.
И покрај тоа, Архангелот успеал безбедно да слета на Месечината, и го турнал Царот на ѓаволите назад во водите.
Па затоа, се вели, луѓето имаат вдлабнатини на стапалата.
А Месечината оттогаш постојано се намалува и расте, како што се зацелува раната на Архангел Гаврил.

БЕЗ КРАЈ...


Пред многу години си постоеше едно село Мечково... Селаните надалеку беа познати како џамбази. Ги мачеа околните села и ништо, и никого не почитуваа.
А бре... И Мечково имале нивен заштитник... Но, тие прекинале да го „слават“, да го почитуваат култот кон мечката. Дури мечкини кожи почнале да носат.
Една година додека ја славеле неделата на волкот...
....мечкарите ги нападнаа, беа решени да ги изненадат и да им го украдат добитокот.


Први комшии им беа селаните од Волково. Нив никој никогаш не ги задеваше...
Знаеја дека имаат волци – заштитници.
Затоа, целото село имаа посебни денови посветено за нив.
Таа вечер се случи чудо. Дури да се свестат селаните од Волково дека се под напад, „мракот ги изеде“ другите...


Пред многу години
си беа две села,
Мечково и Волково...
После таа вечер
остана само едно!
ЛЕГЕНДАТА ЗА ЗАШТИТНИКОТ НА СЕЛОТО ВОЛКОВО
Автор: Софија Симјановска
Приказна: Давор Драмиќанин

ЛЕГЕНДАТА ЗА ЗАШТИТНИКОТ НА СЕЛОТО ВОЛКОВО

Цртеж и текст: Софија Симјановска
Приказна: Давор Драмиќанин

ДЕМОНИТЕ НА РЕКОРД

Цртеж: Кристијан Димитровски
Текст: Инес Црвенковска Ристеска

Демонските суштествата од „оној свет“ го посетуваат Скопје и земјата на живите или „средната земја“ во „глуво доба“. Најчесто „глуво доба“ се смета полноќ, периодот додека не запејат првите петли.

Во Македонија, на пример во Охридско, се верува дека „глуво доба“ може да постои и во периодот на пладне.

Демоните мора да го напуштат „овој свет“ пред да изгрее сонцето. Треба да се вратат во светот каде се верува дека припаѓаат, на „оној свет“.

Интересно прашање е како го прават тоа?


13

KONKURS 2019 - UČESNICI CONTEST 2019 - PARTICIPANTS

Argentina: Fabián Fucci **Bosnia and Herzegovina:** Ana Jeremić, Besir Maglić, Husein Šljivo, Ismet Erdić-Erda, Milan Mladić, Navid Bulbulija, Sara Zrnić, Sofija Ljuboja, Vedad Šabanadžović, Vladislav Maljenović, Zdravko Cvjetaković **Brasil:** Nilo Trovo, **Bulgaria:** Asen Kozhuharov, Milena Simeonova, Penko Gelev, Peter Stanimirov, Rumen Chaushev, Sotir Gelev, Veselin Chakarov, Vesselin Pramatarov **China:** Bing Ling, Cai Weidong, Li Tao, Lu Nan, Ma Heng Chao, Ning Bin, Shaowei Zhu, Wei Li, Yang Xia, Yu Guangdong, Zhao Yun Sheng **Croatia:** Ana Gezi, Ivan Čondić, Ivan Gulin, Korina Hunjak, Marina Krištofić-Marinsky, Marko Jačan, Željko Ivančić **Cuba:** Roberto Sergio Castillo Rodriguez **Czech Republic:** Jiri Srna **Denmark:** Oskar Popović Svencen **Greece:** Efi Theodoropoulou, Sezafina Bakoulis **Iran:** Ali Shafei, Esmael Janblaghi, Esmail Babaei, Rahim Farhad, Mahour Pourghadim, Mohammad Saleh Hosseini, Monireh Ahmadi, Niloofar Karimi, Niloufar Behbud, S.M. Mahdi Hosseini Nejad, Sadaf Faghihi, Sara Karimi, Selma Mohammadrezabeig, Shahram Kazemi Zahabi, Slavash Paknazar, Vahideh Jalalat, Yousef Sadrimehr, Zhaleh Yoosefinezhad **Israel:** Idan Schneider **Japan:** Mikami Harumichi **Lithuania:** Augustina Zokaite **Montenegro:** Anđelka Gagić, Andrea Ognjenović, Bojana Ilić, Dunja Miočinović, Emina Pupović, Filip Jovićević, Irena Ilić, Iris Grbović, Isidora Zirojević, Julija Boženovska, Lara Sindik, Luka Jovićević, Milica Ivezić, Milica Miočinović, Slobodan Bobo Lalović, Strahinja Laković, Tesa Mirošević **North Macedonia:** Aleksandra Risteski, Ana Marija Stefanoska, Angela Petrusevska, Jana Buteska, Kristijan Dimitrovski, Maksim Risteski, Slobodan Tanaskovski, Sofija Simjanovska, Tamara Mistovska, Tode Risto Blaževski, Vlado Nikolovski, Zlatko Krstevski **Romania:** Andrei-Cristian Dumitrașcu, Cristina-Genţiana Dumitrașcu, Silviu Man **Russia:** Anastasia Kozelkova, Ekaterina Kozelkova, Konstantin Chakirov, Nina Khmelyova, Olga Gerasimova **Serbia:** Ada Mitrović, Adam Grbić, Adriana Kosadinović, Aleksa Đokić, Aleksa Šabat, Aleksa Savić, Aleksa Simanić, Aleksandar Jeremić, Aleksandar Panić, Aleksandar Rituper, Aleksandar Spasić, Aleksandar Stanković, Aleksandra Ilić, Alisa Vikić, Ana Marija Vartabedijan, Ana Simić, Ana Trifunović, Ana Živković, Anastasija Lukić, Anastasija Šarić, Anastasija Vidanović, Anastasija Živković, Anđela Filipović, Anđela Ivanović, Anđela Petrović, Anđelija Janković, Andrea Jaćimović, Andrea Jovanović, Andrea Lazarević, Andrej Trailov, Andreja Milanović, Andrija Jovanović, Anika Čančarević, Anita Mirković, Anja Marković, Anja Radovanović, Antonina Obradović, Atila Čorba, Bogdan Joksimović, Bogdan Jovičić, Bogdan Pantelić, Bojan Jovin, Bojan Mitrović, Bojan Nešić, Boris Savić, Brana Marković, Dajana Šebešćen, Damjan Cvetković, Danica Jevđenović, Danica Milić, Danica Radović, Danilo Đorđević, Danilo Rančić, Darija Jeremić, Darinka Ražinović, David Adamović, David Bogdanović, David Vartabedijan, Dejan Bilokapić-Deki, Dejan Živković, Denis Krajačić, Dimitrije Marinković, Dimitrije Mitreski, Dina Nevzati, Dina Tuhina, Đorđe Jovanović, Đorđe Tešić, Dragan Leo, Dragan Stošković, Dragan Žderić, Dragana Kuprešanin, Dragica Bukarica, Drina Opačić, Dunja Avramović, Dunja Dragaš, Dunja Kostić, Dunja Rački, Dunja Svirčev, Đurđa Mladenović, Emilija Belić, Ena Vasković, Ena Vinčić, Eva Zeković, Filip Adamović, Filip Glišić, Filip Stanković, Filip Videnović, Gavrilo Stojković, Helen Nika, Helena Milivojević, Helena Stevanović, Iva Malešević, Ivan Milić, Ivan Ranisavljević, Ivan Veljković, Ivana Marinović, Ivana Skala, Ivona Novakov, Jakov Savić, Jana Boroš, Jana Jovanović, Jana Mladenović, Jana Popović, Jana Rogan, Jana Stankovski, Jana Stevanović, Jelena Janković, Jelena Krgović, Jelena Maričić, Jelena Milentijević, Jelena Pavlović, Jelena Stanković, Jovan Aničić, Jovan




ПРИКАЗНИТЕ ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ НА САЕМОТ НА СТРИПОВИ ВО БЕЛГРАД, СРБИЈА, 2019 година....

FIRST FAIRY SONG FROM MILADINOVCI BROTHERS` ANTHOLOGY

Цртеж: Слободан Танаскоски

Препев од македонски на англиски јазик: Јане Божиновски


Joan Popov went off during Easter, to plow the land during Easter.
And when he came halfway,
A Fairy appeared,
A Fairy from Samogora,
She shut him off.
First Fairy Song from the Miladinovci brothers' anthology
Slobodan Tanaskovski
Retreat, Joan Popov, retreat,
Do not go off during Easter,
To plow the land during Easter!
Joan told her gently:
Scram, scram, Fairy!
Lest I dismount my,
My fast horse.
Lest I grab you by your,
By your blond hair.
Lest I tie you to my fast horse,
To my fast horse by the tail.
Lest I drag you like a harrow!
The Fairy got angry,
And she undid her blond hair,
And she tripped his fast horse,
To drink his black eyes.



Joan Popov got angry,
And he grabbed the Fairy,
And he grabbed her by her,
By her blond hair,
And he tied her to his fast horse,
To his fast horse by the tail,
And he dragged her like a harrow.


She brought her all the way home; he shouted to his Mother from afar:
Come out, dear Mother!
Since I'm bringing you a bride,
A fairy bride,
For you, mother, she shall do the chores,
She shall clothe father in a white shirt,
She shall comb my brother's fringe,
She shall braid my sister's hair.


He locked up her right wing,
Her right wing in an embellished chest.
And she stayed for three years
And she delivered a male child.


And she invited the honorable godmother; They baptized the male child. And the lady baptized by the godfather came, and she said:
Oh, fairy bride!
Do a little oro,
A little fairy oro!


The Fairy then said:
Oh, you honorable godmothers!
Let Joan Popov release my,
Let him release my right wing,
So that I can do the oro.
Oh, fairy bride!
You do not trust us,
you will flee!
Come on, Joan Popov!
If you are afraid that I will flee,
Shut down the small doors
The small and the large ones
So that I can do some oro.


They shut down the small doors
The small and the large ones
He unlocked her right wing.
The moment she started doing
the oro
She flew out of the chimney.
The mother-in-law called upon
her:
"Oh, you fairy bride!
The child is crying, he wants to
be rocked,
He wants to be rocked, he
wants to suckle."
The Fairy said:
"When my child cries,
When he cries because he
wants to suckle,
Place him under the canopy,
I will make fine dew fall on him,
I will suckle my male child.
When the child cries,
When he cries because
he wants to be rocked,
Lay him on the bed,
I will make a gentle
breeze blow,
I will rock my male child".
The mother-in-law fell
for the deception;
When the child cried,
He cried to be rocked,
She lay him on the bed.
No gentle breeze blew,
But the Fairy descended,
She took her male child.
And she bragged to Joan:
"Come on, Joan Popov!
What did you think
That you will trap a
fairy,
A fairy so that you can
love her!"
The End

THE GRAVE RAMBLER

Цртеж: Софија Симјановска
Текст: Софија Симјановска
Превод од македонски на англиски јазик: Јане Божиновски


It's been forty days since my burial, and my soul wanders about this place.
My wife, caring, brave and full of love as she is, accepted me in this state, too... Neither alive nor dead.
While I was alive, God did not grant us kids... yet, both of us still had a glimmer of hope, even though it will be as white as snow.
Alas, I will not make it through to the day when I can see my child...
...This was my ultimate way out.
Sofija Simjanovska
The Grave Rambler


Thank you for coming, the vampire ran us into the ground.
No need to thank me, priest - get your money sack ready.
You can't hire a vampire slayer for a song. I came all the way from ol' Kicevo town. And, as for tonight, get me a bagpipe player, too.
I'm off to catch forty winks.
GRRRR
Wake me up before dawn.
The bagpipe player is here.
Oh, I see you've made sure it's all ready. Let's go!
It's high time we started.
When the bagpipe sings and the villagers do the oro ... Priest, be ready to be my aim, too.
The water will have to come to a boil and...
Your task is to scald him once I slay him.


?
WOOF!
WOOF!
WOOF!
There he is!!
How did you manage to see him?
BANG!
Go back to the Wicked One!
Well said, priest, you put him in his place! Now, hand over the sack.
THE VAMPIRE SLAYER
Kristijan Dimitrovski




BANG

THE VAMPIRE SLAYER

Цртеж: Кристијан Димитровски
Текст: Кристијан Димитровски
Превод од македонски на англиски јазик: Јане Божиновски

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Вражиновски, Танас и соработниците. 1995. „Народна демонологија на Македонците“, Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

2. Вражиновски, Танас и соработниците. 1998. „Народна митологија на Македонците“, кн. I. Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

3. Вражиновски, Танас и соработниците. 1998. „Народна митологија на Македонците“, кн. II. Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

4. Вражиновски, Танас и соработниците. 2000. „Речник на народната митологија на Македонците“, Прилеп – Скопје: ИСК-ММ.

5. Зборник на Миладиновци, преземено од: https://mk.m.wikisource.org/wiki

6. Кличкова, Вера, Марија Малахова, Олга Бенсон. 1963. „Македонски народни носии“, илустрации. Скопје: Етнолошки музеј на Македонија.

7. Обремски, Јозеф. 2001. „Македонски етносоциолошки студии“, кн. II, (Танас Вражиновски и соработниците, уред.), Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

8. Обремски, Јозеф. 2001. „Фолклорни и етнографски материјали од Пореч е“, кн. I, (Танас Вражиновски и соработниците, уред.), Прилеп - Скопје: ИСК-ММ.

9. Ристески, С. Љупчо. 2005. „Категориите простор и време во народната култура на Македонците“, Скопје: Матица македонска.

10. Светиева, Анета. 2011. „Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век“. Скопје: Музеј на град Скопје.

11. Светиева, Анета. 2013. Материјали по предметот Духовна култура на Македонците, циклус предавање за студенти од осми семестар во 2013 година, во ракопис.

12. Толстој, Светлана и Љубинко Раденковић. 2001. „Словенска митологија“, енциклопедијски речник. Beograd: Zepter Book World.

13. Tirta, Mark. 2004. „Mitologija ndër shqiptarë“, Tiranë: AKADEMIA E SHKENCAVE E SHQIPËRISË, INSTITUTI I KULTURËS POPULLORE, DEGA E ETNOLOGJISË.